# КОМПАРАТИВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО ОПШТЕСТВЕНИТЕ НАУКИ

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД
НАУЧНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА ВО ЧЕСТ НА
ПРОФ. Д-Р ИВО ПУХАН
И ИСТАКНАТИ ХРВАТИ-НАУЧНИЦИ ВО
МАКЕДОНИЈА ВО ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА XX-тиот ВЕК

одржана на 15 октомври 2022 година на Правниот факултет
"Јустинијан Први"

Скопје,
мај, 2023

**Проф.д-р Есин Кранли Бајрам**
**М-р Орце Лазаров**

## ЈУСТИНИЈАНОВАТА КОДИФИКАЦИЈА
*(ANTE TEMPLUM ET POST TEMPLUM)*

*„Summum ius summa saepe iniuria!“*
*„Најголемото право може да биде*
*и најголема неправда!“*

Апстракт

Традицијата на граѓанско-правниот систем е најстара и најважна традиција во светот денес, која несомнено ги “потпомага“ правните системи на Континентална Европа, Латинска Америка, како и оние на многу африкански и азиски држави. Покрај фактот што постојат значителни разлики во темелните закони на државите со граѓанско-правен систем, сепак помеѓу нив постои фундаментално единство. Најважниот елемент на тоа единство, е фактот што сите граѓанско-правни системи се произлезени од истите извори, и нивните правни институци се класифицирани во согласност со вообичаено прифатените шеми, кои првично постојат како резултат на нивниот сопствен развој, што тие го имаат прифатено во определена фаза од нивната историја. Врските на старото Римско право се повеќе од очигледни со институтите на современото право. Современото право идејно како такво, воопшто не се разликува од Римското право, бидејќи разликите не се ни суштински, заради тоа што се иманентни на различното општествено уредување, и различниот општествено-економски развиток. Тоа нѝ укажува на фактот дека Римското право само по себе нема рок на употреба, односно дека е универзално и трајно. Римското право и правна мисла станале основа за креирање на современите правни системи, како и за целокупниот подоцнежен развој на европското право и законодавство. Корените на многу современи правни институти, па и цели гранки, неспорно е дека се наоѓаат во римското правно наследство, и тие рудименти треба да се анализираат во временските и просторните координати во кои настанале. За време на владеењето на царот Јустинијан I, извршена е до тогаш најголемата кодификација на Римското право, Јустинијановата кодификација.

Клучни зборови: *држава, Римско право, правичност, Јустинијанова кодификација.*

Abstract

The tradition of the civil legal system is the oldest and most important tradition in the world today, which undoubtedly "supports" the legal systems of Continental Europe, Latin America, as well as those of many African and Asian countries. Despite the fact that there are significant differences in the fundamental laws of the states with a civil-law system, there is still a fundamental unity between them. The most important element of that unity is the fact that all civil-law systems are derived from the same sources, and their legal institutions are

classified in accordance with commonly accepted schemes, which originally exist as a result of their own development, which they have adopted in a certain phase of their history. The connections of the old Roman law are more than obvious with the institutes of the modern law. Conceptually, modern law as such does not differ at all from Roman law, because the differences are not even essential, due to the fact that they are immanent to the different social order, and the different socio-economic development. It points us to the fact that Roman law in itself has no expiration date, that is, that it is universal and permanent. Roman law and legal thought became the basis for the creation of modern legal systems, as well as for the overall subsequent development of European law and legislation. The roots of many modern legal institutes, even entire branches, are indisputably found in the Roman legal heritage, and those rudiments should be analyzed in the temporal and spatial coordinates in which they arose. During the reign of Emperor Justinian I, the largest codification of Roman law was carried out until then, the Justinian`s Codification.

Key words: *state, Roman law, equity, Justinian's Codification.*

## 1. Воведни напомени

Да се каже дека традицијата на граѓанско-правниот систем е најстарата и најважната традиција во светот денес, а да не се спомене дека истата несомнено ги “потпомага“ правните системи во целиот свет, е неизбежен факт, иако постојат значителни разлики во темелните закони на државите со граѓанско-правен систем, сепак помеѓу нив постои фундаментално единство. Сите граѓанско-правни системи се произлезени од истите извори, и нивните правни институци се класифицирани во согласност со вообичаено прифатените шеми, кои првично постојат како резултат на нивниот сопствен развој, што тие го имаат прифатено во определена фаза од нивната историја.[1] Врските на старото Римско право се повеќе од очигледни со институтите на современото право. Современото право идејно како такво, воопшто не се разликува од Римското право. Тоа нѝ укажува на фактот дека Римското право само по себе нема рок на употреба, односно дека е универзално и трајно. Римското право станало основа за целиот подоцнежен развој на европското право и законодавство. Лесно е воочливо влијанието на римската правна мисла при креирањето на современите правни системи. Корените на многу современи правни институти, па дури и цели гранки, неспорно е дека се наоѓаат во римското правно наследство. Меѓутоа, тие рудименти треба да се анализираат во временските и просторните координати во кои настанале.

Државата на која ѝ недостасуваат закони, се смета за “непостојна држава“. Силата на правото, а не “правото на сила“, е императивот кој провејува... Притоа, правото мора да биде еднакво за сите граѓани, независно од нивните способности или материјалната положба. Оттаму настанала и онаа надалеку позната максима: *„Summum ius summa saepe iniuria!“*, која во слободен превод гласи: *„Најголемото право може да биде и најголема неправда!“* Од човекот, а не од државата, произлегува сѐ што е правно. Секако, може да се каже дека Римското право, а со тоа и Римската држава навистина водела грижа за заштитата на правата и обврските на граѓаните.

---

[1] Mousourakis George, Roman Law, Medieval Jurisprudence and the Rise of the European *Ius Commune*: Perspectives on the Origins of the Civil Law Traditon, стр. 22.

Една длабинска историско-компаративна анализа би нè довела до заклучок дека многу навидум “нови“ и “модерни“ уставно-правни институти присутни во сите современи европски правни системи, се всушност “прекопирани“ токму од универзалното Римско право, се разбира со нужни козметички промени и приспособувања, направени со цел тие да се приспособат за новите тенденции и промени (*Nihil sub sole novum*).

Содржината на правото претежно е определена од државната целесообразност, неговата *форма* сепак се наоѓа вон и над подрачјето на влијание на државните цели.

Римското право изворно било само право на градот Рим (*Roma quadrata*), додека подоцна станало право на целокупната Римска империја. Влијанието на Римското право врз модерните правни системи било огромно, така што некои светски правни системи (вклучувајки ги граѓанските правни системи на Европа) значително биле обликувани, директно или индиректно, според концептите на Римското право.

Несомнено е дека римјаните им одржаа вистинска лекција по право на сите антички, средновековни и современи народи, токму поради тоа што нивниот правен систем беше составуван низ “ситото и решетото“ на многумина разборити и доблесни правници, заради што не е тешко да се заклучи дека врз основа на правната традиција на Римското право, фундира и нашето современо национално право, како дел од поголемото евро-континентално правно семејство од т.н. *Civil Law*.

*„Целата човекова историја е како еден голем океан од заблуди на чијашто површина, во тој неред, тек-тук плови и по некоја вистина.“* (Cesare Beccaria, XVIII-ти век).

Правото е “вештина на доброто и правичното“ (*ars boni et aequi* - Celsus).

*„За еден благороден господин нема ништо повредно од изучувањето на правото: најпрвин доаѓа она право коешто врзува човек со човек и народ со народ, а потоа е изучувањето на правото на татковината. Не мал дел од ова се содржи во римското право, кое е усвоено од повеќе народи, но самото по себе тоа е и највредно за изучување, затоа што стои над сите (други национални) права..., бидејќи е развиено и усовршено со искуството на една толку голема и долготрајна империја.“* (Хуго Гроциус, Хамбург, 16-ти Ноември 1633 година).

Врските на старото Римско право се повеќе од очигледни со институтите на современото право. Современото право идејно како такво, воопшто не се разликува од Римското право, бидејќи разликите не се ни суштински, заради тоа што се иманентни на различното општествено уредување, и различниот општествено-економски развиток. Тоа нѝ укажува на фактот дека Римското право само по себе нема рок на употреба, односно дека е универзално и трајно.

За време на владеењето на царот Јустинијан I-ви, извршена е до тогаш најголемата кодификација на Римското право, Јустинијановата кодификација. Периодот на кодификацијата траел од 528 година до 534 година. Најголемиот дел од работата во врска со кодификацијата ја извршил прочуениот правник Трибонијан. Јустинијановата кодификација ја сочинуваат збирките: *Codex Iustinianus*, *Digesta*, *Institutiones*, *Codex repetitae praelectionis* и *Novellae*. Сите овие збирки во Средниот век добиле еден заеднички назив *Corpus iuris civilis* (Зборник на граѓанското право). *Codex Iustinianus* е зборник за царските закони, кој не е зачуван до денес. *Digesta* го сочинува најголемиот дел од *Corpus iuris civilis*. Зборникот *Digesta* опфаќа собрани дела на одредени рани римски правници, кои по потреба биле променувани. *Institutiones* или институции, претставува учебник за изучување на правата со законска сила. *Codex repetitae praelectionis* (Зборник за повторувачки читања) е зборник кој настанал поради недостатоците во *Codex Iustinianus*. *Novellae* (Нови закони) се закони кои биле усвоени после објавувањето на Јустинијановата кодификација, а заради толкување на нејасните

закони. Јустинијановата кодификација претставува основа за подоцнежното средновековно и модерно европско право. Јустинијан I-ви во 529 година издал наредба со која се забрануваат сите верски учења, освен христијанското. Тој решавал црковни спорови, објавувал верски едикти, претседавал со црковните собори, и пишувал теолошки текстови и песни. Неговата власт над црквата била неограничена.

*Corpus Iuris Civilis Romani – Јустинијановата кодификација* е поделена на четири оддели: 1. За целите на Јустинијановата кодификација; 2. За работата на византиските правници врз Кодификацијата; 3. За структурата на Кодификацијата – која вклучува четири точки: а) Codex, б) Digesta, в) Institutiones, г) Novellae; и 4. За "скратената постапка" при носењето на Дигестите. Не смее да се исклучи и јустинијановото законодавство, а со тоа и самиот император Јустинијан I-ви, и неговото значење за историјата. Така, овој император во правниот свет, како наследство ја остава сопствената кодификација. Во нејзината изработка учествувале навистина истакнати правници, а "главниот збор" го имал Трибонијан, кој бил еден од најобразованите луѓе на своето време. Ова навистина значајно ремек дело, зборник на граѓанското римско право, било навистина внимателно создавано.

Во секој случај, една од посебно значајните вредности на кодификацијата, сфатена како завршен правен чин, покрај *нејзината цивилизациска вредност тесно поврзана со самиот суверинитет на државата*, е и таа што со нејзиното реализирање ќе се *верифицира и потврди зрелоста и свесниот стремеж на институциите на системот во нашата држава, (посебно на: Владата, Парламентот и судството, како репрезенти на извршната, законодавната и судската власт), насочени во правец кон јакнење на она што значи демократско општество, и владење на правото и правната држава*.

Се надеваме дека ваквиот синтетизиран и коментаторски правен приказ на обичајно-правните кодификации кои се појавувале низ милениумската политичко-правна историја на Рим, ќе им даде на студентите по право доволен увид во најстарите зачувани извори на правото, врз кои почива и денешното европско право, а на подобрите од нив ќе им послужи за понатамошни попродлабочени истражувања на оваа изворна материја. Воедно, ќе им даде на младите правници доволен увид во начинот на тогашното правораздавање, а на подобрите од нив ќе им послужи како појдовна основа за понатамошни попродлабочени истражувања на оваа интересна правно-историска материја.

## 2. Значењето на изучувањето на Римското право

Современоправно погледнато, самиот поим Римска империја звучи грандиозно. Причините за тоа лежат од една страна во големината на нејзината територија и должината на нејзиното времетраење, а од друга страна во тоа што Римското право било создавано и применувано 13 векови[2] во империјата (од средината на VIII-от век п.н.е, до средината на VI-от век од н.е.).[3]

Првенствен предмет за нашето изучување е токму Римското право. Неговото значење од антиката до денес е несомнено. Денес тоа е значајна правноисториска дисциплина, која задолжително се изучува на правните факултети во целиот свет.

[2] Кранли Есин Бајрам, Поим и класификација на земјишните службености (Servitutes praediorum) во Римското право, Годишник во чест на проф. Д-р Славко Милосавлевски, Правен факултет „Јустинијан Први" Скопје, 2015 год., стр. 581.

[3] Хаџи Методи Јанев, Радевска Марија, Интерна скрипта за предавења по Римско право, Прв дел, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Правен факултет Кочани, 2011 год., стр. 2.

Основната смисла, односно потреба за научните изучувања на Римското право, се поклопува со смислата од општото проучување на историјата, што треба да помогне за правилно сфаќање на денешните институции (во случајов правни институции), на нивните општествени корени, за врз таа основа да може да се преземат најцелисходни активности за функционирање на денешниот општествен и правен систем.

Изучувањето на Римското право од гледиште на потребите на современото право, според одредени автори би требало во главни црти да се сведе на самата идентификација, генеза, развој и гасењето на институтите и другите соодветни категории од Римското право, макар што не може притоа да се запостави целокупниот развој на тоа општество и неговото општествено уредување.

Темелното проучување на Римското право како наставна дисциплина на правните факултети, има и свои несомнени педагошки вредности. Запознавањето со Римското право, и тоа како историско-правна дисциплина, несомнено придонесува за успешно оформување на младите правнички кадри, како и за поточно разбирање на историската условеност на правните институти, нивната појава, развој и исчезнување, а во зависност од развојот на општествено-економските и политичките односи во една држава.[4]

### 3. Неопходноста од изворите на Римското право

Општествено-економскиот развој во Римското царство придонел кон тоа, што заради развиените општествени односи, се појавила спротивставеност помеѓу двата дела од правото *jus* и *legs*. Спротивставеноста помеѓу овие два дела, ја наметнала потребата од кодификација на Римското право.

Поголемиот дел од сочуваните извори на Римското право во овој период, но и општо, се извори кои се дел од Јустинијанова кодификација. Станува збор за извори кои се пренесувале од еден на друг император, сè до нивното систематизирање од страна на Јустинијан I-ви. Меѓутоа, постојат и извори кои се развиле независно од Јустинијан I-ви и кодификацијата која тој ја направил. Дополнително, покрај неговата кодификација, постојат и други кодификации кои се врбојуваат како значаен дел од изворите на Римското право од посткласичниот период.

Кодексите на императорите претставуваат прописи кои се донесени од страна на различни императори, и хронолошки се систематизирани според различни поглавја. Покрај Јустинијановиот Кодекс од 534 година, значаен е и кодексот на Теодосиус II-ри (Theodosius II) објавен во 438 година. Нему му претходат две компилации на Диоклецијан (284–305), *Codex Gregorianus* и *Codex Hermogenianus*, но за жал тие не се сочувани.

### 4. Римското право по Јустинијановата кодификација

Речиси два века по кодификацијата, Јустинијановата кодификација имала значителна примена. Со оглед на тоа што во Византија официјален јазик бил грчкиот јазик, Јустинијан I-ви дозволил механички, односно буквално да се преведе оваа кодификација на грчки јазик (*kata podes*). Покрај тоа што Јустинијан I-ви изречно

---

[4] Зборник на трудови од Меѓународниот симпозиум „Современото право, правната наука и Јустинијановата кодификација“ – Том I и II, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје 2004 год., стр. 13.

забранил да се толкува кодификацијата без него, тоа било правено од страна на повеќе видни правници од тоа време (Стефан Теофило, Кирил, и др.).

Исто така, византиските цареви ги променувале одлуките од Јустинијановата кодификација, и тоа преку носење на сопствени одлуки. Лав Исauриски на пример, ја издал *Eklogi ton nomen* во 740 година, заедно со три зборника, и тоа: селски закон, поморски закон и војнички закон. Василиј Македонски ја заменил Јустинијановата кодификација со три зборници, и тоа: *Proherion*, *Epanagoga* и *Vasiliki*.

## 5. Движењето за кодификација

Во седумнаесеттиот и осумнаесеттиот век, подемот на национализмот и консолидацијата на кралската моќ во Европа, повлекуваат зголемен интерес за развојот на националното право, и со тоа го забрза движењето кон кодификација. Барањето правото да се сведе на кодекс, произлезе од два меѓусебно поврзани фактори: 1. потребата да се воспостави правно единство во границите на една национална држава, и 2. да се развие рационален, систематизиран и сеопфатен правен систем, кој ќе биде прилагоден на условите на времето.

Школата за природно право имаше рационалистички пристап кон институционалната реформа, и потенцираше сеопфатно градење на правниот систем. Така, таа обезбеди идеолошка и методолошка основа за започнување на движењето за кодификација. Обединувањето на националното право преку кодификацијата, доведе до евентуално поместување на *ius commune*, и на тој начин Римското право престана да постои како директен извор на правото. Сепак, поради тоа што изготвувачите на закониците во голема мерка се потпираа на *ius commune*, елементите на Римското право беа инкорпорирани на различни начини, и во различен степен, во правните системи на континентална Европа.

Првите национални законици дизајнирани да постигнат правно единство во рамките на едно кралство, беа составени во Данска (1683 година) и во Шведска (1734 година). Процесот на кодификација продолжи кон крајот на осумнаесеттиот и почетокот на деветнаесеттиот век, со донесувањето на закониците во Баварија (*Codex Maximilianeus Bavaricus*, 1756 година), во Прусија (*Allgemeines Landrecht für die Preussischen Staaten*, 1794 година) и во Австрија (*Allgemeines Bürgerliches Gesetzbuch,* 1811 година). Филозофијата на природното право имаше силно влијание и врз содржината и врз структурата на овие законици. Сепак, најважниот кодификациски настан од овој период, беше донесувањето на Француската Граѓански законик (*Code civil des francais*) од страна на Наполеон Бонапарта во 1804 година.

## 6. Историјата на Јустинијановата кодификација на Запад

По молба на Папата Вергилиј, Јустинијановата кодификација стапила на сила во Италија во 554 година. Лонгобардите ја зазеле власта во Италија набру по смртта на Јустинијан. Иако германските кралеви во Италија како и во другите делови на германските одвоени територии издавале свои наредби, влијанието на Јустинијановата кодификација е огромно. Тоа се чуствувало и во канонското право на католичката црква.

Враќањето кон натуралната економија и напуштањето на стоковото производство за времето на феудализмот, го намалило значењето на приватната сопственост. Тоа значително ја ставило во сенка Јустинијановата кодификација.

Значењето на Јустинијановата коификација меѓутоа е препознаено во доменот на науката. Првата школа која започнала научно да ја изучува кодификацијата, е школата на глосаторите. Иренић прв го потенцира значењето на оваа школа, кога во Болоња го вовел изучувањето на Римското право. Иренић прв започнал да врши глосирање, односно дообјаснување на текстот на маргините, или помеѓу редовите на оригиналниот текст на кодификацијата. Матинус, Јакобус и Булгарос се докторите по право кои го следеле Иренић.

Глосаторите извршиле големо влијание преку тоа што од цела Европа луѓето доаѓале да учат право, и подоцна ги пренесувале импресиите за ова право во своите држави.[5] Рецепцијата на Јустинијановата кодификација играла големо влијание и во статусот на одделните градови кои фукционирале во тоа време.

Глосаторните делови на Јустинијановата кодификација биле опфатени во *Glossa ordinaria*, дело кое го создал Акурзиј. Основната цел на глосаторите била да се изучат одредбите од Јустинијановата кодификација, и истите да се прилагодат за тогашниот позитивно-правен систем.

Под влијание на Акурзиј и неговата идеја, се развива нова школа позната како постглостароти, или школата на коментаторите. Нивната идеја била да се извадат максимите и правилата на Јустинијановата кодификација, и истите да се адаптираат и прилагодат на прашањата од областа на времето во кое тие живееле.

Оттука, многу од дефинициите и правните максими кои им се припишуваат на римјаните, припаѓаат токму на школата на глосаторите и постглосаторите.

Желбата за традицијата и легитимноста, влијаела во голема мерка да се прошири примената на Римското право. Имено, голем дел од германските кралеви себе си се сметале за законски наследници и потомци на Римската империја. Така, Максимилијан донел одлука во 1495 година, според која правото на глосаторите и постглосаторите било реципирано, односно применувано како правен поредок според кој можел да суди Врховниот суд на Германското црство. На тој начин Римското право како супсидијарно и како општо право, станало основен првен поредок заради предностите кои странките ги имале во случај на спор. Се претпоставувало дека *jura novit curia*, односно дека судот го познава Римското право, додека оние кои се повикувале на Царското право, мораle да го докажуваат тоа (требале да ја докажуваат не само точноста на прописите, туку и постоењето на тие прописи).

Римското право било и во интерес на новиот поредок кој бил во зародиш во Европа. Тој ѝ одел во прилог на младата буржуазија, која се борела за поширока примена на акумулацијата на капиталот. Тоа не им одело во прилог на селаните, кои барале сите доктори по право да бидат протерани.

Кон крајот на XV-от и почетокот на XVI-от век, се појавила струјата на елегантната јурипуденција. Претставниците на оваа школа се обоени со вредностите на хуманизмот и ренесансата. Восхитувајќи им се на стилот на пишувањето *docendi gallicus*, овие претставници тргнале кон изучувањето на Римското право.[6]

Изучувањето на најважните делови на Римското право се бележи во практиката на праксистионистичкото изучување. Оваа школа имала свое влијание во Франција и во Германија.

Следната школа која била инспирирана од Римското право, била школата за природното право. Под влијание на оваа школа, започнуваат да се развиваат либералните буржоаски идеи, кои подоцна ќе бидат основа за либералананата демократија. Како најзначаен законик кој се развил под влијание на оваа школа, е *Code Civil* во

[5] Bram Akkermans, Принципот на numerus clausus во европското стварно право – докорска теза, 2008 год., стр. 25.
[6] *Ibid.*, стр. 26.

Франција, и тоа во 1804 година. Неговото значење не е само во фактот што Франција за прв пат во нејзината историја имала унифициран правен систем, туку и во фактот што овој законик бил основата врз која многу други држави ги поставиле своите граѓански законици, било преку прифаќање на *Code Civil*, или преку копирање на неговите одредби. Угледот и значењето на *Code Civil* не биле поврзани само со освојувањата на Наполеон, што се гледа и од фактот што по поразот на Наполеон, овој законик го имал истото влијание врз другите правни системи. Закониците за кои зборуваме, а кај кои се гледа ова влијание, се оние на: Холандија, Шпанија, Белгија, Италија, Луизијана, Квебек, Египет, и многу држави од Јужна Америка. Од друга страна, Германија во 1900 година добила свој граѓански законик, кој се темелел на системска и детална разработка на Јустинијановата кодификација (од страна на Савињи и неговите наследници), која по своите карактеристики се разликува од *Code Civil* на Франција, и во светот се презентира како нов модел на законик, кој исто како и францускиот, во своите основи го носи Римското право, а е копиран повеќе или помалку, но сепак извршил влијание врз изгледот и содржината на повеќе законици насекаде низ светот, и тоа во повеќе земји, од кои тука ќе ги споменеме: Јапонија, Бразил, Швајцарија и Турција. На овој начин сосема е правилно да заклучиме, дека Римското право денес го живее својот "втор живот", токму преку граѓанските законици кои денес се применуваат насекаде во светот, бидејќи самиот начин на кој тие се создавани, укажува на фактот дека многу од институтите кои се создадени и потекнуваат од Римското право, се инкорпорирани во модерното право.

### 7. Законодавна дејност на Василиј I-ви македонецот

Византија ја задржала римската законодавна традиција на нејзиното највисоко ниво. Веќе во почетокот на V-от век, Теодосиј II-ри го изработил Теодосиевиот кодекс, во кој се обидел да ги собере сите царски закони кои сеуште биле во сила. На самиот почеток од своето владеење, во 527 година, Јустинијан I-ви му наложил на Трибонијан, квесторот на царската палата, да пристапи кон сеопфатна ревизија на законите. Од таа ревизија бил создаден зборникот на закони *Corpus juris civilis*, кој се состоел од Институции (учебник за студентите по право), потоа Јустинијановиот кодекс (збирка од важечки царски закони од времето по Хадријан) и Дигестии (зборник на правни списи, кои во најголем дел биле составени од правниците во III-от век). Неколку години подоцна Јустинијан I-ви, кој и понатаму донесувал закони, подготвил зборник на нови закони, односно Новели. За развојот на Византиското право големо значење имала Еклогата што Лав III-ти ја објавил во 726 година. Таа била избор на најчесто применуваните одредби на приватното и кривичното право, и го потврдува обичајното право кое се формирало во Византија во VII-от век. Нема сомнеж дека потребата за нови закони се повеќе се наметнувала.

Латинскиот јазик на кој била составена Јустинијановата кодификација, не одговарал на потребите на византиското царство, бидејќи тој не бил доволно познат дури и за образованите луѓе. Како престолничките, така и провинцијалните судии, морале да составуваат прирачници за интерна употреба, во кои биле внесувани членови за обичајното право, применливо само во одредено место. Со текот на времето овие месни зборници ги потиснале официјалните закони. Секако дека власта не можела незаинтересирано да го следи она што се случувало во праксата, односно таа издавала закони според тековните потреби, воведувала нови заповеди и прирачници кои требало да се усогласат со важечките закони. Постепено се менувал и етничкиот состав на Царството, а заедно со тоа биле организирани, со согласност на владата, цели провинции

со нов состав на населението, кое по јазик и по обичаи се разликувало во однос со исконските поданици на Царството.

Првиот одговор на новонастанатите државни потреби, го дале царевите иконоборци со своите извонредни закони собрани во „Еклогата“. Главна основа на сите правни норми била Јустинијановата кодификација, но овде биле внесени и измени од современиот период. Всушност, биле внесени многу противречности на Јустинијановото законодавство, кои сепак биле преземени од праксата и од обичајното право. Некои од одредбите останале во сила и во законите на македонските цареви.

Следниот чекор во историјата на законодавството бил направен за време на владеењето на основачот на македонската династија. По доаѓањето на престолот во 867 година, сакајќи да го зголеми угледот на династијата која ја основал, а свесен за несреденоста на правните прописи, Василиј I-ви презел “Чистење на старите закони“ (*ἀνακάθαρσις τῶν παλαιῶν νόμων*). Формално тоа било преземено против Еклогата на иконоборечкиот император, и требало да го замени тој правен акт.[7]

Законодавната дејност всушност се должела на фактот, што во втората половина на
IX-от и почетокот на X-от век, се случиле важни социјално-економски промени во византиското општество, во правец на неговата феудализација, и во правец кон засилување на економијата. Основната работна сила во државата повеќе не ја сочинувале робовите и колоните, туку новопојавените феудално зависни селани. Господаречката структура, исто така била променета, односно на местото на робовладетелите дошле големосопствениците (феудалци). За тие нови социјални категории не можеле да важат одредбите од Јустинијановата кодификација, и затоа неминовно било да се бараат нови правни регулативи. Токму тоа придонело Василиј I-ви да се зафати со средување на правните односи во државата, да ги “исчисти“ старите закони, и да ги прилагоди на новото време. За жал, тоа значајно дело останало недовршено и необнародено, но претставувало појдовна точка за законодавната дејност на неговиот син Лав VI-ти, и е основа за неговите Василики. Зачувани се два помали законика на Василиј I-ви: Прохирон и Епанагога.

Првиот, Прохирон (*Πρόχειρος νόμος*) бил обнароден во име на царевите Василиј, Константин и Лав, помеѓу 870 и 879 година. Како што кажува и самиот наслов, тој претставувал прирачник за практична употреба. Прохиронот има многу нов законодавен материјал, кој што го нема во Еклогата, и тој е земен од Јустинијановото законодавство (пред сѐ од Институциите, додека останатите делови на Јустинијановата кодификација ги користи ретко, и почесто не поаѓа од изворните текстови, туку се потпира на подоцнежните грчки преводи и коментари).

Може да се каже дека преовладувачки дел во новиот законик, претставува рецепцијата на Јустинијановото право. Тоа се должи на фактот што, Јустинијановите закони биле создадени за општествено-економски случувања, многу слични со случувањата во IX-от и X-от век.

По 879 година бил составен вториот Василиев законик, Епанагога на царевите Василиј, Лав и Александар, замислен како вовед во подготвуваната голема збирка на закони. Не е сигурно дали Епанагогата е објавена како официјален законик, или претставувала само неофицијален нацрт. Како и Прохиронот, и Епанагогата го користи озогласениот законик на Лав III-ти. Епанагогата содржи и ред на нови титули, кои опфаќале различни делови од Византиското право. Новите параграфи на Епанагогата

---

[7] Василевска Иванка, Извори на правото во Византиската империја (компаративна анализа на државно-правниот систем), Религија: Зборник на трудови од Осмиот меѓународен симпозиум за византиски и средновековни студии “Денови на Јустинијан I“, Скопје, 13-14.11.2020 г., Институт за национална историја - Скопје, Скопје, 2021 год., стр. 359.

разгледуваат прашања од световното и црковно право, должничкото право, семејните и наследните односи.

Изгледа дека законодавното прашање од крајот на IX-от и почетокот на X-от век, го привлекувало вниманието на власта, бидејќи го предизвикало ангажирањето на правниците од тоа време. Тука пред сѐ, треба да се истакне дека синот и наследник на Василиј I-ви, Лав VI-ти направил огромен законодавен потфат со издавањето на своите Василики (*Βασιλικά νόμισμα*). Треба да се каже дека издавањето на Василиките не било лично дело на Лав VI-ти, туку било резултат на еден општ законодавен потфат, преземен во предходниот период, во кој се манифестирале Прохиронот и Епанагогата, издадени во времето на Василиј I-ви. „Чистењето“ претставувало главна задача на сите законодавни потфати. Главниот потфат преземен со оваа цел во времето на Василиј I-ви, не бил завршен за време на неговото владеење. Во 886 година тоа било продолжено, овој пат веројатно на поширока основа. Царските закони на Лав Мудриот, објавени во првите години од неговото владеење, биле поделени во 60 книги и 6 томови, и претставувале најголема збирка од закони во Византиското царство. Василиките биле прегледна збирка на канонско, граѓанско и јавно право, и пред сѐ имале предност, поради тоа што биле напишани на грчки јазик.

### 8. Влијание во правните системи на граѓанското право

*Corpus Jurus Civilis*, глосаторските *summae,* и трактатите на коментаторите, ја формираа основата на *ius commune*, збир на општи правни принципи кои владееја во многу западноевропски народи од крајот на XI-от век до XVI-от век.

*Corpus Juris Civilis* исто така влијаеше и на некои поединечни нации. Кастилскиот *Las Siete Partidas*, кој и денес има влијание во Шпанија и нејзините колонии, ја користеше рамката на Дигестите, и големи делови од текстот на *Corpus Jurus Civilis*. Францускиот Наполеонов законик (познат како Граѓански законик), кој влијаеше на закониците на бројни нации, самиот беше под влијание на структурата и изборот на предмети во Јустинијановите *Institutes*. Германскиот *Bürgerlichen Gesetzbuch* (*BGB,* Германскиот Граѓански законик) го комбинирал Римското право со традиционалното Германско право, за да формира сеопфатно тело на закони во “јустинијановиот калап“, што влијаело на закониците во Јапонија и Бразил.

### 9. Влијанието на Римското право во Западна Европа

Борковски има некои делови кои го дискутираат влијанието на Римското право врз европските нации, и тоа за читателите кои бараат кратко резиме. Доколку пак се бараат нешто повеќе детали, тогаш Римското право во европската историја на Питер Штајн, е корисен вовед за ефектот што Римското право го имало врз неговите европски наследници.

Научникот кој бара подетален преглед, треба да го има во предвид делото на О. Ф. Фергусон, Т. Д. Фергус и В. М. Гордон, *European Legal History*. Римското право во современиот свет на Чарлс Финес Шерман, ја покажува неговата старост, особено во некои од термините што ги користи, но неговиот прв том сеуште има одличен преглед на историјата на Римското право, и неговото влијание врз другите народи од *Corpus Juris Civilis*, од раѓањето на Римската империја до почетокот на XX-от век.

Римското право во средновековна Европа на Пол Виноградоф, е стар повеќе од еден век, но сепак е високо ценет од луѓето заинтересирани за трансформацијата на

*Corpus Juris Civilis* низ тој временски период. Потеклото на Западното право на Џон Е. има корисно прво поглавје кое ги разработува глосаторите и нивниот удел во создавањето на *Corpus Juris Civilis*, но сепак се обидува да се придржува кон Римското право, и кон создавањето на *Ius Commune*.

Како заклучок можеме да кажеме дека, значењето на Римското право во Западна Европа, и тоа разбрано во поширока смисла, најпрво задирало во развитокот на основниот корпус на правната доктрина, кој заедно со феудалното право, канонското право и трговското право, беше централен секојдневен елемент на секој индивидуален правен систем во поголемиот дел од континентална Европа и нејзините колонии; второ, дури и пошироко било разгледувано во системските правни концепции и принципи, и тоа не само во граѓанското право, туку исто така и во Англо-американското обичајно право; третто, понатамошното проширување на оваа листа на концепции во видокругот на неговото прифаќање во системот на меѓународното право, кое било усовршено од Хуго Гроциус и неговите наследници, и четврто, дури уште поважен факт дека јазикот на Римското право станал *lingua franca* на универзалната јуриспруденција, како што еволуирал во "прашливите" томови на средновековните цивилисти и каконисти, и кај нивните наследници, авторите на природното право и правната филозофија, и дури уште помодерните пандектисти, чии дела се главниот извор на техничката правна теорија. Значењето на Римското право во модерниот свет е поради тоа историско. Тоа се потпира, како што Г-ин Хенри Мејн нѐ потсетува: „во големината на непознавањето до која ние сме осудени поради непознавањето на Римското право".[8]

## 10. Значењето на Римското право денес

Денес Римското право е заменето со современи законици. Овие законици сепак, не создадоа нов закон од нула. Напротив, во голема мерка, правилата на Римското право кои беа пренесени, беа ставени во законска рамка која обезбедуваше модерен, систематски поредок. Ова е особено точно во однос на Германскиот Граѓански законик. Значи, за целосно да се разбере Германскиот Граѓански законик, неопходно е да се знае правната основа на која тој почива. Како што тоа е точно во однос на Германското право, исто така важи и во однос на повеќето современи европски правни системи.

## 11. Заклучок

Настанокот на Римското право не може да му се припише само на градот Рим, или само на италијанскиот полуостров, туку и на генијалните умови од многу земји, поради што Римското право оставило големо трајно наследство во правните системи во ширум светот.

Проектот на Јустинијан I-ви во негово име да ги консолидира законите, и ефективно да ги преработи, беше успешен, можеби дури и надвор од неговите најлуди соништа. *Corpus Juris Civilis* повеќе не е обврзувачки закон на големата империја, туку неговото влијание се протегало низ Средниот век до модерното време. Тој имаше огромно влијание низ Европа и поголемиот дел од земјината топка. Истражувачите, дури и оние кои го истражуваат обичајното право, сеуште треба да бидат запознаени со големиот потфат на Јустинијан и Трибонијан. Иако *Corpus Juris Civilis* "страда" од

[8] Hessel E. Yntema, *Roman Law and Its Influence on Western Civilization*, 35 Cornell L. Rev. 77 (1949), Available at: http://scholarship.law.cornell.edu/clr/vol35/iss1/4, стр. 88.

несреќен систем на организација, сепак имаме неколку алатки што можеме да ги искористиме за да ја олесниме задачата, и да ги истражуваме делата на покојниот император. Се чини дека наследството на Јустинијан ќе продолжи и во вековите што доаѓаат.

Денешните правници, во услови кога правото на Европа (треба да) се сфаќа како систем на норми кои се воспоставени првенствено во интерес на граѓаните, за да можат да ги исполнат барањата на нашето "модерно право", не треба да бидат само "тесни и кусогледи практичари". Младиот правник, занимавајќи се со Римското право, како единствен долготраен "екперимент" во човековата цивилизација што го извел животот, може со хируршка прецизност да осознае како настанувале, се менувале, пропаѓале и повторно испливувале на површината правните и политичките институции, коишто сеуште се доминантни во современиов свет. Недоволно застапениот историски пристап во некои наши позитивно-правни предмети, кај студентите на право создава погрешен впечаток дека определени правни институти како да настанале во нашето блиско минато, што ќе рече како "светот вчера да настанал". Научно корисниот "историски пристап" честопати, од незнаење или од тенденциозност, се помешува со штетната појава на "историцизмот", којшто според А. Цвитаниќ треба да биде искоренет од правните студии воопшто, бидејќи претставува основа за апологетика во позитивно-правните дисциплини.

Поради ова, римските правни институти мора да се изучуваат и проучуваат, за да може да се разбере современото право, и истото да може да се "надградува". Затоа, речиси на сите правни факултети во светот, неизоставен дел е наставата по предметот Римско право. Поранешен куриозитет беше Правниот факултет во Битола, во рамки на Универзитетот „Св. Климент Охридски", кој беше единствен во рамки на поранешна СФР Југославија, што во наставниот план не го вклучуваше изучувањето на Римското право. Оваа погубна практика денес ја следат некои приватни високо-образовни институции во РСМ, коишто се потполно "изгубени во преводот".

Најважно од сè, Римското право ќе има големо значење во однос на формирањето на единствени правни правила кои го унапредуваат процесот на политичка интеграција во Европа. Римското право е заедничката основа врз која се гради европскиот правен поредок. Затоа, може да послужи како извор на правила и правни норми, кои лесно ќе се спојат со националните закони на многуте и различни европски држави.

Користена литература:


1. Апасиев Димитар, Римско кривично процесно право (со посебен осврт на правосудниот систем во времето на Републиката), Скопје 2014 год.;
2. Апасиев Димитар, Римско право, Практикум 2, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Правен факултет, Штип 2019 год.;
3. Апасиев Димитар, Римско право, Скрипта 2, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Правен факултет, Штип 2019 год.;
4. Апасиев Димитар, Римско судско право, Книга прва, Правосудниот систем во времето на Кралството, Magna carta, Велес 2006 год.;
5. Апасиев Димитар, Римско кривично процесно право (со посебен осврт на правосудниот систем во времето на Републиката), Скопје 2010 год.;
6. Апасиев Димитар, Скриеното Ius Publicum во македонското уставно право – Конституционални елементи на современите правни системи реципирани од Римското јавно право, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Скопје 2009 год.;
7. Василевска Иванка, Извори на правото во Византиската империја (компаративна анализа на државно-правниот систем), Религија: Зборник на трудови од Осмиот меѓународен симпозиум за византиски и средновековни студии "Денови на Јустинијан I", Скопје, 13-14.11.2020 г., Институт за национална историја - Скопје, Скопје, 2021 год.;
8. Габер Виктор, Од објект до субјект, Македонија во меѓународните односи, Фондација „Фридрих Еберт", Канцеларија во Македонија, Скопје 2017 год.;
9. Грнчаревски Владо, Бачовска Јасна Недиќ, Право, Изборен за III и IV година на средното стручно образование, Скопје 2020 год.;
10. Елизабет Денио, Рим, од град-држава до Царство (Институции и политички живот), Култура, Скопје 2006 год.;
11. Зборник на трудови од Меѓународниот симпозиум „Современото право, правната наука и Јустинијановата кодификација" – Том I и II, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје 2004 год.;
12. Канлиф Б., *Римско царство, народи и цивилизације*, Вук Караџић, Београд, 1980 год.;
13. Кранли Есин Бајрам, Поим и класификација на земјишните службености (Servitutes praediorum) во Римското право, Годишник во чест на проф. Д-р Славко Милосавлевски, Правен факултет „Јустинијан Први" Скопје, 2015 год.;
14. Кранли Есин Бајрам, Testamenti factio active et passive во римското и современото право, Правен факултет „Јустинијан Први" Скопје, 2019 год.;
15. Мирковић М., *Римска држава у доба Принципата и домината*, Досије, Београд, 2002 год.;
16. Пухан Иво ... [ и др. ]., Римско право, Правен факултет „Јустинијан Први" Скопје, 2014 год.;
17. Ростовцев М., *Историја старог света*, Фамилет, Београд, 2004 год.;
18. Општествените промени во глобалниот свет: зборник на трудови / Петта меѓународна научна конференција, Универзитет "Гоце Делчев" - Штип, Правен факултет, Штип 2018 год.;
19. Радевска Марија, Интерна скрипта за предавења по Римско право, Први дел, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Правен факултет Кочани, 2010 год.;

20. Хаџи Методи Јанев, Радевска Марија, Интерна скрипта за предавења по Римско право, Прв дел, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет Кочани, 2011 год.;
21. Bram Akkermans, Принципот на numerus clausus во европското стварно право – докорска теза, 2008 год.;
22. Bujuklic, Z, Forum Romanum, Rimska drzava, parvo, religija i mitologija, Правни факултет у Београду – Библиотека „Приручници“, Центар за публикација – „Досије“, Београд 2005 год.;
23. Hessel E. Yntema, *Roman Law and Its Influence on Western Civilization*, 35 Cornell L. Rev. 77 (1949), Available at: http://scholarship.law.cornell.edu/clr/vol35/iss1/4;
24. Goldsworthy Adrian, How Rome Fell, Yale University Press, 2009;
25. Mousourakis George, Roman Law, Medieval Jurisprudence and the Rise of the European *Ius Commune*: Perspectives on the Origins of the Civil Law Traditon;
26. Özdemir Elif, The Age of Justinian I: Emperor Justinian: Life-Giving of the Byzantine Empire; и
27. Sevgi Çetin, Trailblazers II: Emperor Justinian and Ahmet Cevdet Paşa, Codification (or bringing order to chaos) From Corpus Iuris Civilis to Mecelle (Mejelle), Ebul'ula Mardin Medeni Hukuk Cephesinden Ahmet Cevdet Paşa, Türkiye Diyanet Vakfı Yayınları, 1996.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

303.025(082)

ЗБОРНИК на трудови од научната конференција "Компаративни истражувања во општествените науки" : Конференција во чест на проф.д-р Иво Пухан и истакнати хрвати-научници во Македонија во втората половина на XX-тиот век / [уредник Гоце Наумовски ; илустратор Ѓорѓи Штерјов]. - Скопје : Стоби Трејд, подружница Шема, 2023. - 178 стр. ; 25 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-4767-47-3

а) Општествени науки -- Компаративни истражувања -- Зборници

COBISS.MK-ID 60967429